Бобан ПЕТРОВСКИ

УДК: 95(496.5-35)

# (И)ШПАТ И КАРЛИ-ИЛИ. ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ЛОЦИРАЊЕ

***Кратка содржина***

*За идентификацијата и лоцирањето на Шпат и Карли-или во научната јавност сè уште се води полемика. Оное кое што е неспорно е дека станува збор за области. Додека за првата повеќе е спорно нејзиното лоцирање, за втората постојат различни мислења за идентификацијата и лоцирањето. Ваквите неодредености се должат на несигурноста на османлиските хроники како изворни материјали генерално, но нивното користење во случајов е неминовно бидејќи истите се единствените релевантни пишани материјали за разрешување на третираниве прашања.*

*Според сознанијата до кои дојдов, третираните од османлиските хроничари Шпат и Карли-или се хороними во Албанија кои се споменуваат во врска со продорот на Османлиите во Цетрална Македонија и Албанија во 1385 година. Хоронимот Шпат е идентичен со истоимената област во Албанија, јужно од денешниот град Елбасан, каде се наогала нејзината локација во минатото, но и денес. Во случајот со Карли-или, според моите анализи, станува збор за земјата на Карло односно територијата со која управувал албанскиот благородник Карло Топија, имено Средна Албанија.*

***Клучни зборови:*** *ШПАТ, КАРЛИ-ИЛИ, КАРЛО ТОПИЈА, АЛБАНИЈА, ИДЕНТИФИКАЦИЈА, ЛОЦИРАЊЕ.*

Шпат и Карли-или последователно се наведуваат единствено во османлиските хроники кои го опишуваат походот на румелискиот беглербег Тимурташ Паша кој започнал 1385 година од Сер[1], про-

[1] Кај османските хроничари постојат разлики околу датирањето на самиот поход. Имено, истакнатиот Ашик паша Заде, хроничар од XV век, сосема исправно посочува дека Румелискиот беглербег Тимурташ паша го презел походот во хиџранската 787 година (А. Матковски – К. Аручи, Извадоци, 236 бел. 19; Г. Елезовић, Извори, 8) односно меѓу 12. II. 1385 и 01. II. 1386 година. Но, неговиот помлад современик Идриз Битлиси (S. Trako, Pretkosovski događaji, 189; Burime osmane, 127) како и подоцнежните хроничари Хоџа Хусеин (А. Матковски – К. Аручи, Хоџа Хусеин, 157 бел. 34), Солак Заде (А. Матковски – К. Аручи, Солак Заде, 237 бел. 15) и Мунеџимбаши (А. Матковски-К. Аручи, Мунеџимбаши, 237 бел. 28) погрешно посочуваат дека походот бил преземен во хиџранската 784 година, односно меѓу 17. III. 1382 и 05. III. 1383 година.

дирајќи низ територии во Централна Македонија и Албанија[2] и резултирал со победа на Османлиите во битката на Савра (близу Берат) во септември истата година[3].

Во продолжение ги проследуваме податоците од оние османлиски хроничари кои известуваат за походот, со цел да добиеме што поцелосна слика за истиот и за тој начин ќе се обидеме да ги идентификуваме и лоцираме Шпат и Карли-или .

Најистакнатиот меѓу османлиските хроничари, кој живеел најблиску до овие настани е Ашик паша Заде (1400/1401-по 1484)[4]. Тој, иако соема кратко, дава мошне важни податоци за овој поход велејќи дека Тимурташ паша, упатувајќи се кон арнаутскиот вилает, ја покорил Битола, го нападнал солунскиот вилает и таа акција продолжила сè до Карли Или[5].

Реномираниот Идриз Битлиси (+ 1520)[6], помлад современик на Ашик паша Заде, е многу поопширен и подетален во опишувањето

---

[2] Со паѓањето на Сер во рацете на Османлиите на 19. IX. 1383 година била завршена првата фаза од османлиската офанзива на Балканот [за тоа опстојно кај: Г. Острогорски (Турско освајање Сера, 244, 248, 251, 255 бел. 42, 256; Истиот, Серска област, 146). Неговите заклучоци се широко прифатени во модерната историска литература, сп.: A. E. Vacalopoulos, History of Macedonia, 41; А. Стојановски, Градовите, 10; ИСН II, 40; Х. Матанов-Р. Михнева, От Галиполи, 73; Б. Ферјанчић, Сер у XIV столећу, 117-120 и таму посочената литература], а набргу потоа, пролетта 1385 година бил организиран нов голем поход за освојување на територии во Централна Македонија и Албанија, со што, всушност започнала нова, втора фаза од османлиската офанзива [опстојно кај: А. Стојановски, Градовите, 12; К. Аџиевски, Пелагонија, 269-270.].

[3] За битката на Саврското Поле: Acta Albaniae II, 93 бр. 390 со дата од 05 октомври 1385 година, каде веќе се споменува дека Балша II загинал во битка со Османлиите над реката Војуса. Поопстојно во: И. Божић, Албанија и Арбанаси, 52 бел. 167; ИСН II, 28, 40; А. Стојановски, Градовите, 15; Историја Црне Горе, 48. Од постарата литература сп.: Historia e Shqipërisë, 227; К. Јиречек, Историја Срба, 319 бел. 37; M. Šuffley, Srbi i Arbanasi, 46 кој погрешно заклучува дека битката се одиграла во ноември 1385 година; истиот месец ни се предочува и во Histoire de l'Albanie, 64, каде авторот на ова поглавје К. Фрашери се повикува на Марин Барлети.

[4] Ашик паша Заде е најзначајниот извор за најстарата историја на Османлиското царство, подетално: А. Матковски-К. Аручи, Извадоци, 231-235; Г. Елезовић, Извори, 3-7; Burime osmane, 62-64.

[5] А. Матковски-К. Аручи, Извадоци, 236 бел. 19; Г. Елезовић, Извори, 8; Burime osmane, 64. Хроничарот Мехмед Нешри, современик на Ашик паша Заде (втора половина на XV-почеток на XVI век), го става овој поход во интервалот 1386-1389 година и вели дека Тимурташ се упатил кон Солунскиот вилает и Карлуџа, сп.: Мехмед Нешри, 92; Г. Елезовић, Огледало Света, 37; Burime osmane, 78. За него и неговото дело во: Мехмед Нешри, 6; Burime osmane, 74.

[6] Делото на Идриз Битлиси „Осум Рајски градини", кое ја опфаќа историјата на Османлиското царство во времето на првите осум султани, од Осман, основач на династијата, до крајот на владеењето на Бајазит II (1310-1512), во османската историја се смета како извор од прв ред. За значењето на овој труд, како и за биографијата на Битлиси, подетално: S. Trajko, Bitlisiev opis, 212-214; Burime osmane, 125-126.

на походот на Тимурташ паша. Според него, „Тимурташ бег, според царската наредба... најпрво се спуштил до градот Прилеп и со војска ги опсадил градските ѕидини. Посадата... ги предаде градот и тврдината. Оттаму, Тимурташ со голема војска се упатил на градот Манастир и овој град го опколил. Некое време поминал под градот и во дервентот (теснината), но воопшто не му успевало да го заземе... Кога тврдината и градот Манастир... дошле во кругот на исламот и станале подрачје на муслиманите..., тргнале оттаму да ги освојат покраините Ишпат ( اشات ) и Карли-или. Жителите на оваа покраина брзо се покориле и се предале и сите прифатиле да даваат џизие и арач. И оваа покраина ја исчистил од притисокот на противниците, ја придодал на Манастир и Прилеп... Оттаму со победоносната исламска војска се упатил кон градот Солун и краевите во неговите подрачја“[7].

За разлика од горепосочениве, подоцнежните османлиски хроничари Хоџа Садудин-Ефенди (1526 - 1599)[8], Коџа Хусеин (+ 1644)[9] и Солак Заде (+ 1657)[10], кои како извор го користеле делото на Битлиси, во своите хроники истакнуваат дека при овој поход е освоена Карли-или, но, според преводите на А. Матковски-К. Аручи кои ги користев, наместо Шпат се наведува дека бил заземен Штип[11].

---

[7] S. Trajko, Pretkosovski događaji, 189; Сп. и Burime osmane, 127-128 каде наместо покраината Ишпат стои Иштип.

[8] Хоџа Садудин, откако известува за предавањето на Прилеп и освојувањето на Битола, пишува: „Потоа, пашата (Тимурташ б. н.) и неговата придружба тргнаа кон Карли-Или и Штип и, приклучувајќи ги овие плодородни краишта кон исламските земји, воведоа јака сигурност и безбедност. По сето ова... тврдината на Солун беше опколена“, А. Матковски-К. Аручи, Садудин, 208; Burime osmane, 248-249. За животот и делото на Садудин, поопширно: А. Матковски - К. Аручи, Садудин, 203-205; Burime osmane, 247-248.

[9] Коџа Хусеин или Хусеин Ефенди, кој ги дава речиси дословно истите податоци известувајќи дека Тимурташ паша, по наредба од султанот, се упатил и ги освоил Прилеп-по мирен пат и Битола-по пат на сила, вели: „Потоа пашата нападна врз штипскиот вилает и Карли, каде што жителите веднаш се обврзаа да го плаќаат арачот. По овие успешни акции беглербегот Тимурташ-паша тргна кон Солун“, А. Матковски – К. Аручи, Коџа Хусеин, 157 бел. 34. За личноста и хрониките на Коџа Хусеин, поопширно, А. Матковски – К. Аручи, Коџа Хусеин, 137-140.

[10] Хроничарот Солак Заде уште поконцизно ги регистрира освојувањата западно од Вардар: „Тој (Тимурташ паша б. н.) ги освои Прилеп, Битола, Карли Или и Штип. По освојувањето на овие четири вилаети тој допатува во Солун“, А. Матковски – К. Аручи, Солак Заде, 237 бел. 15; Burime osmane, 295. Поопширно за неговиот живот и дело, А. Матковски – К. Аручи, Солак Заде, 233-236; Burime osmane, 294.

[11] Иако, покрај споменативе хроничари, освојување на Штип бележи и османлискиот географ од XVII век Хаџи-Калфа (+ 1655/56), погрешно наведувајќи дека тоа се случило „во 784 година по хиџра (1382-1383 б. а.) тогаш кога и Битола“, (за биографијата и делото на Хаџи-Калфа, поопширно кај С. Новаковић, Хаџи Калфа, 5-11, 15-16, конкретниов податок се наоѓа на стр. 14), сепак Константиновата повелба

За идентификување на Шпат и Карли-или круцијални податоци се содржат во презентираните информации од хроничарот Идрис Битлиси, кои, се чини, сосема се превидени во историографијата. Тој, имено, децидно ги разликува покраините/областите Шпат и Карли-или од Прилеп и Битола за кои експлицитно вели дека се градови: „Тимурташ... се спуштил до градот Прилеп... а потоа тргнал на градот Манастир...“, за да по освојувањето на Битола „тргнале оттаму да ги освојат покраините Шпат и Карли-или“[12]. Дополнително, самата додавка „или“ во османотурскиот јазик означува област, покраина, земја, територија[13]. Погледната интегрално во делот на Карли, во случајов, Карли-или се идентифукува како Карлиева земја. Со тоа се отфрла можноста за поврзување на Шпат и Карли-или со топонимијата и ономастиката односно нивно поистоветување со градот Штип[14] и личност со име Карли-Или[15], а се отвора возможноста за нивно вбројување во хороними.

При одредувањето на точната локација на овие хороними најцелисходно е да ја следиме маршрутата по која се движеле Османлиите при нивниот поход во 1385 година. Според изворите, румелискиот беглербег Тимурташ Паша, започнувајќи го својот поход од градот Сер, се упатил кон Централна Македонија. Притоа, продрел во Пелагонија од североисток, најверојатно преку Плетвар, бидејќи сите хроничари се согласни дека најпрво бил освоен Прилеп, а потоа Битола. Хроничарот Идриз Битлиси дури посочува дека „Тимурташ бег се спуштил“ до Прилеп, па откако го зазел се упатил кон Битола[16],

---

издадена во Штип во 1388 година, со која ги потврдува добрата кои војводата Димитар ги отстапил на црквата Вознесение во Штип, недвосмислено покажува дека и по изведениот османлиски поход градот Штип се наоѓал во рацете на овој благородник, сп.: С. Новаковић, Законски споменици, 765-768; Actes de Saint-Pantéléèmôn, 180-181. Повелбата ја регистрира и Fr. Miklosich, Monumenta Serbica, 212.

[12] S. Trako, Pretkosovski događaji, 189; Burime osmane, 127-128.

[13] S. Đinđić, M. Teodosijević, D. Tanasković, Türkçe-Sirpça sözlük, 498.

[14] Т. Томоски (Штип низ вековите, 187 бел 56, но и во сите претходни свои дела кои го тангираат ова прашање) го застапува мислењето дека градот Штип бил заземен при Тимурташевиот поход од 1385 година, со што, всушност имплицитно врши поистоветување на Шпат со градот Штип.

[15] К. Аџиевски (Пелагонија, 277) смета дека не се знае дали под името Карли-или се крие име на град или на личност, а не е возможно прецизно да се одреди ниту неговата локација.

[16] S. Trako, Pretkosovski događaji, 189; Burime osmane, 127. Во науката постои мислење дека една од целите на овој османлиски поход била освојување на државата на кралот Марко односно негово принудување на вазални односи кон султанот, сп: А. Стојановски, Градовите, 14; Ц. Грозданов, Маричката битка, 119; К. Аџиевски, Пелагонија, 274-275, 278; Б. Панов, Кралството на Волкашин и Марко, 49. За постарите мислења околу различностите во поглед на хронолошката фиксација на вазалитетот на кралот Марко, подетално кај: Х. Матанов, Югозападните земи, 141-142 бел. 44-47.

од што произлегува дека османлиската војска во Пелагонија се движела во правец север-југ[17].

Натамошниот правец на настапување на Османлиите кон албанското приморје[18] е поткрепен со изворните известувања од хроничарот Идриз Битлиси, кој посочува дека османлиската војска по заземањето на Битола ја освоила покраината (И)Шпат и продолжила до Карли-или.

Според консултирањето на литературата за утврдување на локациите на Шпат и Карли-или, А.Стојановски е единствениот кој истите ги разгледува интегрално, давајќи можни солуции за нивно лоцирање на теренот. Тој, поистоветувајќи го Карли-или со Превеза, за Шпат понудува две локации: (1) поистоветување со областа Аштин, кај Костур и Корча; (2) или поистоветување со приморската област Ишим; двете географски блиску до Карли-или[19]. Најпрво, во поглед на поистоветувањето на Карли-или со Превеза, не можејќи да пронајдеме некој друг град или област со вакво име, освен Превеза во Јужен Епир[20] – југозападно од Арта, а имајќи предвид дека А. Стојановски дава предност на областа Аштин кај Костур и Корча, која

---

[17] К. Аџиевски (Пелагонија, 273-274) допушта дел од османлиската војска да влегла во Пелагонија и од југ, преку Via Egnatia, при што, ваквиот свој став го темели „единствено на фактот дека Виа Егнација била најдобар, најпознат и најприроден пат кон Западна Македонија и Албанија и би било нелогично Турците да не ги искористиле неговите предности". Мислењето на Х. Иналџик (Османско царство 16) дека Османлиите кон запад се движеле по Via Egnatia и од Сер, преку Битола и Охрид избиле на албанското приморје, не може да се прифати бидејќи е спротивна на она што го посведочуваат изворите. Имено, во случај каков што предлага Х. Иналџик османлиската војка во Пелагонија би се движела во правецот југ-север и при тоа најпрво би ја опсадиле Битола, а потоа Прилеп.

[18] Продорот кон албанското приморје, како една од целите на походот на Тимурташ паша, експлицитно или имплицитно е прифатен во современата историска литература. Сп: А. Стојановски, Градовите, 12, 15; К. Аџиевски, Пелагонија, 278 и таму посочената литература. За ваквото османлиско насочување ндиректни податоци можеме да извлечеме и од походите на Османлиите во годините по 1385 година. Имено, Османлиите веќе биле присутни во Албанија и склучувајќи договори со високодостојниците од Албанија, при што си ја осигурале заднината, започнале преку нивна територија да напаѓаат на Црна Гора и Босна. Изворна поткрепа наоѓаме во Acta Albaniae II, 99 бр. 413 датиран како „<1387" каде браќата Лека и Павле Дукаѓини ги повикуваат Дубровчаните слободно да минуваат низ нивните територии со стока, без страв од Османлиите бидејќи „се смириле со турците". Од литературата за османлискиот продор низ Албанија кон Црна Гора и Босна, сп.: И. Божић, Албанија и Арбанаси, 54; Историја Црне Горе, 50, 52; С. Ћирковић, Историја Босанске државе, 158.

[19] А. Стојановски, Градовите, 14-15.

[20] Гратче Превеза, не само што постои и денес на посоченово место, туку за него знаел и османлискиот географ од XVII век Хаџи-Калфа (сп. С. Новаковић, Хаџи-Калфа, 49), кој го лоцира истото во санџакот Карли-или под реден број XVI . Можеби и А. Стојановски во лоцирањето на Карли-или се раководел/користел со овие изворни информации.

била освоена пред Карли-или, сметаме дека авторот мислел на посоченава Превеза. Ова е дотолку поинтересно што авторот, малку подолу во текстот, вели „нема ништо понормално отколку да се заклучи дека по освојувањето на Прилеп и Битола уследил поход кон Албанија“[21]. Од вака поставените тези индиректно доаѓаме до заклучок дека османлиската војска, според А.Стојановски, при нејзиниот натамошен прогрес кон Албанија, не ја користела трасата Via Egnatia бидејќи не се упатила на запад кон Охрид, туку се отклонила длабоко на југ од Битола, сè до Превеза (Карли-или според А. С.) во Јужен Епир, попатно освојувајќи ја областа Шпат (Аштин според А. С.) кај Костур и Корча и дури потоа се упатила далеку на север, кон Берат во Албанија, каде дошло до Саврската битка во септември 1385 година, притоа непотребно правејќи огромен лак.

Веројатноста за една ваква маршрута на османлиската војска, особено по бројните непријатности на Османлиите околу заземањето на Битола[22], е сосема мала. Воедно, речиси е невозможно да се поверува дека Османлиите не ја користеле Via Egnatia, кој бил, без конкуренција, најпознат, најсигурен, најприроден и најкраток можен земјен пат на релацијата Битола-албанско приморје (Драч). Според тоа, можната идентификација на Шпат со Аштин би можела да отпадне.

Се чини, ова го согледал и А. Стојановски и во својот нов труд, кој го тангира посоченово прашање[23], Карли-или го поистоветил со „Превеза во Албанија!“, најверојатно и самиот чудејќи се каде ли би можела да биде, а Шпат ја поистоветил сега само со „приморската област во Албанија-Ишим“ (областа Аштин воопшто не ја споменува), велејќи притоа, дека Ишим географски е доста блиска со Карли-или. За разлика од претходниот, во овој труд авторот се корегирал и во поглед на маршрутата на османлиската војска, потенцирајќи дека таа се движела по патот Сер-Битола-Охрид, што би значело дека сепак била користена трасата Via Egnatia.

Меѓутоа, овие гореизнесени претпоставки за идентификацијата на Шпат со Ишим, особено што не е понудена задоволувачка

---

[21] А. Стојановски, Градовите, 15.

[22] За опаднатиот морал, големите губитоци и загубеното непредвидено долго време експлицитно сведоштво дава Идриз Битлиси, сп.: S. Trako, Pretkosovski događaji, 189; Burime osmane, 127-128.

[23] Штип низ вековите, 192 (дел кој го обработил А. Стојановски).

локација за Карли-или како коректив за близината на Шпат со него, се мошне дискутабилни и неуверливи. Но, оноа кое А. Стојановски правилно го согледал е вистината дека Шпат треба да се бара меѓу Битола и Карли-или, географски поблиску до последнава. Тоа, имено, проличува кога дословно се следи сведоштвото на Битлиси, од каде произлегува дека спорната област Шпат треба да се бара по патот Via Egnatia, а во насока на движење на османлиската војска кон албанското приморје и тоа пред Карлиевата земја (Карли-или).

Оттука, логично прашање кое се наметнува е утврдување на локацијата на Карлиевата земја, откако претходно ќе се изврши нејзино идентификување.

Во одгатнување на идентификацијата и локацијата на Карлиевата земја од помош ќе ни биде согледувањето на поводот за реализирање на османлиската интенција за продор во Албанија во посочената година. Имено, тогашната политичка ситуација во Албанија им одела во прилог на Османлиите. Така, поради неприликите во кои бил вовлечен Карло Топија, господарот на Средна Албанија[24], при територијалните недоразбирања околу Драч со арбанашко-зетскиот високодостојник Балша II[25], Топија се одлучил да побара османлиска помош[26]. Османлиите, пак, стигнувајќи до неговата-Карлиева земја, го поразиле Балша II на Саврското Поле кај градот Берат, на 18

[24] За семејството Топија и посебно за периодот на владеењето на Карло Топија (+ 1387), изворни податоци во: Acta Albaniae I, 245-246 br. 816. Поопстојно кај: Б. Храбак, Ширење, 106, 111; И. Божић, Албанија и Арбанаси, 40, 52; Histoire de l'Albanie, 60-63, 65; Историја Црне Горе, 47. Од постарата литература спореди: M. Šuffley, Srbi i Arbanasi, 42-44, 46, 59; А. М. Селищев, Население, 65, 66; К. Јиречек, Историја Срба, 317, 318; Historia e Shqipërisë, 228.

[25] За семејството Балшиќи и специјално за периодот на владеењето на Балша II Балшиќ (+ 1385), поопстојно: И. Божић, Албанија и Арбанаси, 50, 52. ИСН II, 26-28; Histoire de l'Albanie, 59, 61, 63. Историја Црне Горе, 29, 46. Од постарата литература спореди: M. Šuffley, Srbi i Arbanasi, 127; К. Јиречек, Историја Срба, 318; Historia e Shqipërisë, 227, 228.

[26] Мислењето дека Карло Топија побарал османлиска помош пред битката на Саврското Поле е широко распространето во современата историска литература: Historia e Shqipërisë, 227; М. Спремић, Харач Скендербега, 251 бел. 1; Burime osmane, 41 бел. 11; ИСН II, 40; И. Божић, Албанија и Арбанаси, 52; Г. Суботић, Манастир Богородице Месонисиотисе, 167. Спореди и Histoire de l'Albanie, 63 каде авторот на ова поглавје К. Фрашери вели дека уште во 1384 година Карло Топија бил победен од Османлиите и станал нивен вазал, а во 1385 година Тимурташ паша добил наредба од султанот да ги потчини и другите албански високодостојници. Но, за ваков тек на настаните, особено пред Саврската битка, воопшто нема потврда во изворите. Интересно, во ова дело и покрај тоа што во неговата изработка учествувале реномирани албански историчари, само во поглавјето за Битката кај Савра (62-64), како што веќе укажа и А. Стојановски (Градовите, 15), навистина се провлекле крупни фактографски и хронолошки неточности.

септември 1385 година, по што, Карло Топија повторно загосподарил со Драч[27].

Земајќи го датумот на битката на Саврското Поле како потпора за хронолошката определба на османлиското освојување на Централна Македонија[28], од една страна, а знаејќи за правецот на движење на османлиската војска по освојувањата во Централна Македонија, поточно по заземањето на Битола-на запад по Via Egnatia, од друга страна, поткрепени со изворните податоци од најреномираните османлиски хроничари Ашик паша Заде, според кој „Османлиите се упатиле кон арнаутскиот вилает сè до Карли Или"[29] и од Идриз Битлиси, според кој „Османлиите тргнале оттаму (од Битола б.н.) да ги освојат покраините Шпат и Карли-или"[30], сметаме дека постојат сериозни индиции проблематичната Карлиева земја (Карли-или) и спорната област Шпат, да се лоцираат во Албанија.

Во поглед на лоцирањето на Карли-или, минатото столетие во историографијата се појавија повеќе мислења: М.Шуфлај посочил дека Епир, според последниот свој христијански господар, во староосманската управа се нарекувал Карли Или „Карлова замја"[31]; Г. Елезовиќ го лоцира околу денешна Трикала[32]; А. Матковски – К. Аручи сметаат дека тоа е име за стара Северна Грција[33]; А. Стојановски, како што веќе посочивме, ја поистоветил со Превеза најпрво во Епир, а потоа во Албанија[34]; М. Калицин смета дека не се работи за област во Средна Грција туку во прашање е земја која ја управувал Карло Токо I, деспотот на Епир[35].

---

[27] Карло Топија владеел со Драч, со прекини, од 1368 до 1387 година, при што, на три пати бил приморуван да го зазема градот. Во последниот обид Топија војувал против Балша II, кој во почетокот на 1385 година успеал да го заземе Драч. Изворни податоци во Acta Albaniae, II, 93 бр. 388 и бр. 389. Поопширно за овие настани сп.: И. Божић, Албанија и Арбанаси, 52; ИСН II, 28; Histoire de l'Albanie, 65; Историја Црне Горе, 46, 47, 49. М. Шуфлај (Srbi i Arbanasi, 44) погрешно посочува дека Балша II го освоил Драч уште во 1382 година. Истата грешка е направена и во Historia e Shqipërisë, 228.

[28] А. Стојановски, Градовите, 15. Следејќи ја оваа негова констатација, а воедно анализирајќи го изворниот материјал притоа, произлегува дека двата настани-освојувањето на градовите Прилеп и Битола во Централна Македонија и битката на Саврското поле-се случиле последователно. Сп. и К. Аџиевски, Пелагонија, 269 бел. 193.

[29] А. Матковски-К. Аручи, Извадоци, 236 бел. 19; Г. Елезовић, Извори, 8; Burime osmane, 64.

[30] S. Trako, Pretkosovski događaji, 189; Burime osmane, 127-128.

[31] M. Šuffley, Srbi i Arbanasi, 134.

[32] Г. Елезовић, Извори, 8.

[33] А. Матковски-К. Аручи: Извадоци, 236 бел. 18; Садудин, 208 бел. 28; Мунеџимбаши, 237 бел. 30.

[34] А. Стојановски, Градовите, 14-15 бел. 35; Штип низ вековите, 192.

[35] Мехмед Нешри, 389.

Но, пред да ја утврдиме локацијата на Карли-или, потребно е истата да се идентификува[36]. На посоченово прашање посебно се задржал Ф. Бабингер[37]. Тој, повикувајќи се на османлискиот географ Хаџи-Калфа, според кој, во областа на Јужен Епир во XVII век постоел санџак Карли Или, спорниот хороним го поистоветил со земјата која во првата половина на XV век ја управувал Карло Токо, господарот на Јанина и Арта (имено, станува збор за Карло Токо II, наследникот на Карло Токо I, кој владеел во периодот 1429-1448 година), а која потоа, по него е наречена Карлиева земја – „wilâjet Karli-eli" и останала да го носи тоа име сè до XIX век[38].

Сосема сме согласни со ваквата констатација на Ф.Бабингер. Точно е и тоа што го вели Хаџи-Калфа за постоењето на санџак Карли Или во Јужен Епир[39]. Исто така добро е познат фактот дека Османлиите ја нарекувале освоената област според последниот христијански владетел кој управувал со истата пред таа да биде заземена од нив и неретко ги претворале тие феудални владенија или кнежевства во санџаци и вилаети[40]. Оттука, логично земјата Карли-или го добила своето име според некој феудален господар со име Карло кој владеел со неа како последен хрисијански владетел, во случајов Токо, Меѓутоа, спорен е фактот што кај османлиските хроничари податоците врзани за споменувањето на Карли-или се однесуваат на

[36] Албанските истражувачи, без некоја експликација или цврста аргументација, Карли-или ја поистоветуваат со областа на Карло Топија: Според С. Пулаха таа е идентична со принципатот на Карло Топија, а тоа, како што вели Пулаха, се потврдува и со фактот што во сиџилите на кадијата од Тирана, покраините/областите на Средна Албанија се познати под името „vilajeti i Karlit", сп. Burime osmane, 42 бел. 14; додека К. Фрашери, зборувајќи за Карло Топија, се повикува на Идриз Битлиси и едноставно вели дека Карли-или е „le pays de Charles", сп. Histoire de l`Albanie, 63.

[37] F. Babinger, Beiträge, 140-149.

[38] Исто, 140-142, 147.

[39] С. Новаковић, Хаџи-Калфа, 10, 49. Н. Тодоров и А. Велков (Situation démographique, 9), набројувајќи ги санџаците кои го сочинувале Румелиското беглербегство во почетните децении на XVI век, под реден број 24 ја наведуваат Превеза, во заграда ставајќи Карли-или.

[40] За илустрација, таков е случајот со земјата на Константин и името на Ќустендилскиот санџак, сп.: Константин Михајловић, 97 каде во глава XV се споменува за „Жеглигово во земјата на Константин"; Старе Српске биографије, 100 бел. 1; ИСН II, 336-337. Сп. и: Константин Филозоф, 113, каде Константин Филозоф, зборувајќи за борбата меѓу османлиските престолонаследници Мехмед и Муса во почетокот на XV век, вели дека Муса го затворил во Димотика „Јусуф-поглаварот на земјата Константинова", под обвинение соработка со противникот Мехмед (за неговиот живот и за Житието на деспот Стефан Лазаревиќ, во ИСН II, 330-332). Оттука, јасно се гледа дека дури и во XV век оваа територија сеуште сеословувала според нејзиниот последен христијански управител. Види и: Й. Иванов, Сѣверна Македония, 124, 143-144; К. Иречекъ, История на Българитѣ, 254 бел. 53. За слични примери сп. и: А. Стојановски, Кон прашањето, 153-165; Х. Матанов, Феодални княжества, 78-86.

времето во кое Тимурташ паша го спровел походот во Централна Македонија, сè до Саврското Поле во Албанија, имено 1385 година, а Карло Токо владее во втората деценија на XV век. Од друга страна, потенцираме дека во времето во кое османлиските хроничари го споменуваат Карли-или, во Албанија владее Карло Топија[41].

Се поставува прашањето дали е возможно да постоеле две територии, кои, по своите управители биле наречени Карли-или-Карлиева земја? Одговорот, се чини, е потврден. Разликата е во тоа што владетелот на Средна Албанија и на градот Драч, Карло Топија, не е ни приближно последен христијански владетел во тие области со кои владеел[42]. Според тоа самата област не можела да го задржи името Карли-или, но таа, од наша перспектива само привремено, била наречена Карлиева земја-Карли-или, од едноставна причина што во 1385 година кога Османлиите стигнале до неа, со истата управувал и владеел господар со име Карло, во конкретниов случај Топија[43]. Областа Карли-или која ја споменува Идриз Битлиси, Ашик паша Заде (Карлуџа) и подоцнежните османлиски хроничари не може да биде иста со санџакот Карли Или во Епир, кој го споменува Хаџи-Калфа и поради фактот што во близина на посочениов санџак нема

---

[41] Карло Топија е единствен високодостојник во Албанија со такво име во периодот за кој што говорат османлиските извори, конкретно 1385 година. Тој, според териториите кои ги поседувал во Албанија, се наоѓал на второ место, веднаш по Балшиќите, нарекуван од Венецијанците „princeps Albanie" и во критичнава година бил во добри односи со Османлиите, Acta Albaniae II, 54 бр. 239, 72 бр. 311. Сп.: Histoire de l'Albanie, 61; Historia e Shqipërisë, 227; M. Šuffley, Srbi i Arbanasi, 126.

[42] Драч, на пример, останал во Венецијански раце од 1392 до 1510 година. Поопширно за управителите на останатите Карлиеви земји по неговата смрт, сп.: И. Божиќ, Албанија и Арбанаси, 54; Histoire de l'Albanie, 74, 76-78; Историја Црне Горе, 49, 59. Од постарата литература види во: M. Šuffley, Srbi i Arbanasi, 46, 124, 126; Historia e Shqipërisë, 227; К. Јиречек, Историја Срба, 318.

[43] Интересно, базичните баштински земји на семејството Топија, кои се наоѓале околу денешна Тирана познати се под името Карлиева земја и во следните два века. Така, во османлискиот пописен дефтер за санџакот Арванид (Албанија б. н.) од 1431-1432 година, во вилаетот Павло Куртик кој се наоѓал токму јужно од денешна Тирана, во нахијата Акче Хисар (Кроја) регистриран е тимар на Карлоглу Али што би значело дека таа земја била дадена на уживање на муслиманот Али, син на Карло (Timâr-i Ali veled-i Karli), кој пред едно поколение бил христијанин. Дословната белешка од дефтерот гласи: „Тимар на Али, син на Карло. Во време на покојниот и сегашниот султан тоа е место кое припаѓа на (фамилијата на) Карло. Сегашниот султан го даде на споменатиот Али. Во исто време тој ги задоволи и неговите браќа", сп. H. Inalcik Sancak Arvanid, 112b. 253, p. 92 (за останатите синови на Карло, браќа на Али, види и: 109a. 242, p. 89; 111a. 249, p. 91; 137b. 289, p. 107). [За отстапениот изворен материјал должам благодарност на д-р Александар Антонов од Софискиот Исторически факултет]. Види и Х. Иналджък, Мехмед II, 212-215.

Во Пописниот дефтер за Охридскиот санџак од 1583 година како една од нахиите кои ја сочинувале казата Акче Хисар (Кроја) забележена е нахијата Карли Или. Оваа нахија се наоѓала во близина на денешна Тирана и била сочинета од 35 села и 4 мезри, сп. Турски документи, том VIII: кн. 1, 9-10, 21; кн. 2, 9-10, 399-448.

област Шпат. Имено, според податоците од истиот Хаџи Калфа постои санџак Илбесан (Елбасан), каде, освен истоимената каза, биле вклучени и казите Драч, Ишбат и Ишин[44]. Вистина, постои личност со име Карло кој владее во Епир, но тој таму е присутен од втората деценија на XV век[45]. Вистина, во Епир постоеле и делувале Јован Спата и Ѓин Буа Спата-во Етолија и Епир[46], но се работи за личности, а не за хороними, како што експлицитно истакнува Идриз Битлиси споменувајќи го Шпат и како што според фразата Карли-или од самата одредница „или", која означува територија, земја, област, покраина[47], е јасно дека станува збор за област во која господар бил Карло, по наше мислење Топија.

Се чини, сосема е возможно убицирање и на Битлисиевата област (И)Шпат. Имено, област Шпат постои и денес во Албанија. Таа се наоѓа јужно од денешниот град Елбасан, поточно, тоа е пределот западно од Мокра Планина, меѓу горниот тек на реката Шкумба и средниот тек на реката Девол.Ословувањето на оваа област со име Шпат има свој историски почеток, нам познат од почетокот на XIV век, и континуитет сè до денешни дни.

Областа Шпат своето име, најверојатно, го добила според племето Шпати односно Спати-едно од тринаесетте познати племиња кои во почетокот на XIV век, поточно 1304 година, се споменуваат на територијата на Албанија во два анжујски документа. И во првиот документ-со датум 5 септември 1304 година, и во вториот-со датум еден ден подоцна, 6 септември 1304 година, племето Шпати (Spati) е споменато три пати, заедно со сите останати племиња. Меѓутоа, интересно е тоа што, според редоследот на набројувањето на племињата, во трите случаи Шпатите го заземаат второто место, веднаш зад племето Алби. Дури, во вториот документ изрично стои дека истиот е наменет „за Албите, Шпатите и другите" (Pro Albis, Spatis et Aliis). Секако ова не било случајно, туку сведочи за моќта и угледот на племето Шпати, во периодот кога настанале овие анжујски

[44] С. Новаковић, Хаџи-Калфа, 49.

[45] Станува збор за Карло Токо I-гроф од Кефалонија, кој ја освоил Арта дури во 1416 година, сп.: Laonik Hallkokondili, Burime bizantine, 41 бел. 140; К. Јиречек, Историја Срба, 316.

[46] Изворна поткрепа во: Historia e Shqipërisë, 230-231; Kronika e Janinës, Burime bizantine, 26, 29; Laonik Hallkokondili, Burime bizantine, 41 бел. 140. Во литертурата види кај:И. Божић, Албанија и Арбанаси, 52; Histoire de l`Albanie, 59, 64; Б. Ферјанчић, Тесалија, 200, 270.

[47] S. Đinđic, M. Teodosijević, D. Tanasković, Türkçe-Sirpça sözlük, 498.

документи, во споредба со другите племиња, со исклучок на племето Алби, кое предничело и според кое подоцна територија го добила своето име[48].

Самиот XIV век е период на мигрирање на Арбанасите односно на членовите на овие племиња од Албанија, а најсилно било нивното придвижување кон југ, во Епир и Тесалија, каде во седумдесеттите и осумдесеттите години на XIV век се регистрирани и арбанашките високодостојници Јован Спата и Ѓин Буа Спата[49]. Меѓутоа, сеќавањето на изгубените арбанашки племиња-во некои случаи, или династи-во други случаи, било многу силно. На тлото на кое постоеле или владееле му се ставале нивните имиња (на племињата) или презимиња (на династите). Таков е, се чини, случајот и со племето Шпати и областа Шпат[50].

Од друга страна, за лоцирање на областа Шпат во Албанија постојат непобитни докази кај османлискиот географ од XVII век Хаџи-Калфа. Тој, зборувајќи за санџакот Елбасан (Илбесан), вели дека во него се вклучени следниве кадилаци (кази): Илбесан (Елбасан), Дурац (Драч), Ишбат (Спат), Ишин[51]. Казата Ишбат, која најверојатно се протегала на територијата на областа Шпат, во најмала рака се наоѓала во околијата на Елбасан, зафаќајќи ја и самата област Шпат[52].

---

[48] Acta Albaniae I, 166 бр. 563, 167-168 бр. 569. Види и M. Šuffley, Srbi i Arbanasi, 58. Овие првични споменувања на племето Шпати воедно претставуваат и последни документирани изворни податоци за нив бидејќи во текот на XIV век, заради засилениот процес на феудализација, најголем дел од тринаесетте племиња, меѓу кои и Шпатите, биле разорени и постепено исчезнувале од историската сцена, препуштајќи им го местото на феудалните семејства, поопширно кај: И. Божиќ, Албанија и Арбанаси, 42, 44-46; Б. Храбак, Ширење, 109.

[49] Kronika e Janinës, Burime bizantine, 26, 29; Laonik Hallkokondili, Burime bizantine, 41 бел. 140. Поопширно кај: И. Божиќ, Албанија и Арбанаси, 18-19, 52; Histoire de l'Albanie, 59, 64; Б. Ферјанчиќ, Тесалија, 200, 270. Од постарата литература види во: А. Селищев, Население, 74-75; К. Јиречек, Историја Срба, 316-317, 323; Historia e Shqipërisë, 230-231.

[50] За една ваква солуција се изјасниле: M. Šuffley, Srbi i Arbanasi, 58 според кој племето „Špati, prozvano tako po dugim grčim mačevima dalo je ime provinciji Špatininji južno od Skampe (Elbasana)"; И. Снегаров, Охридската архиепископия, 173 бел. 6 кој се повикува на Хаџи Калфа истакнува дека тој-Хаџи Калфа, покраината Спатија ја лоцира до Елбасан.

[51] С. Новаковиќ, Хаџи Калфа, (10, 11) 49. Според Н. Тодоров и А. Велков (Situation démographique, 26 табела 3 и табела 1), кои се повикуваат на податоци за плаќање џизие од 1490-1491 година, во санџакот Елбасан е вклучена и нахија Шпат.

[52] Н. Тодоров и А. Велков (Situation démographique, 11), опишувајќи ги границите на санџаците кои го сочинувале Румелиското беглербегство во почетните децении на XVI век, за Охридскиот санџак истакнуваат дека неговата западна гранична линија одела до Томор, Камена и Шпати (Tomor, Kamena, Shpati).

Историскиот континуитет пак, на споменување на областа Шпат евидентиран во изворниот материјал, нашол свој одраз и во историската литература. Така, И. Снегаров, проучувајќи ги границите и епархиите на Охридската архиепископија, во неколку наврати споменува епархија со име Спат, и тоа: во XV или почеток на XVI век, меѓу другите, спомената е Спатска епархија, притоа истакнувајќи дека таа и Музакиската епархија се наречени така според името на покраините кои ги опфаќале-Спатија и Музакија; во крајот на XVI век неколку епархии биле воведени во митрополии, меѓу кои и Спатскомузакиската; во самиот почеток на XVII век, меѓу деветте епископии на Охридскта архиепископија, повторно се споменува Спатска (спатийска) епископија; во средината на XVII век повторно се споменува Спатска епископија; и конечно, во втората половина на XVII век Спатската епископија, според И.Снегаров, најверојатно била присоединета кон Белградската (Бератската б.н.) митрополија, која се нарекувала и Спатскомузакиска[53]. Областа Шпат се споменува и во врска со други настани кои се случувале низ XV-от[54], а исто така и во текот на XVII и XVIII век кога се споменува област/покраина Шпат во Елбасан „krahina e Shpatit të Elbasanit“[55]. Истата област/покраина Шпат во Елбасан, а во близина на Мокра се споменува и во текот на XIX и XX век[56].

Оттука, областа Шпат го добила името од племето Шпати (Спати) и го сочувала сè до денешни дни, а поради османотурскиот правопис, сосема очекувано, во хрониката на Идриз Битлиси добила ортографска форма Ишпат.

Во разрешување на нашето прашање ваквото лоцирање на Шпат се совпаѓа со близината на владенијата на Карло Топија, кои се наоѓале во нејзино непосредно соседство, именувани од османлиските хроничари како Карлиева земја односно Карли-или. Така, Османлиите, при натамошната пенетрација од Битола кон Албанија, минале низ северниот и западниот дел на областа Шпат, која

---

[53] И. Снегаров, Охридската архиепископия, 118 бел. 3, 160, 173 бел. 6, 176, 177, 178 бел. 6.

[54] Histoire de l`Albanie, 76, 104.

[55] Historia e Shqipërisë, 368, 382, 384. Во XVII век во Албанија живее еден уметник, извесен Kostandin Shpataraku, кој на своите дела се потпишува дека е од Шпат (сп. стр. 419 од истиот труд).

[56] Historia e Shqipërisë II, 105, 721, 740, 787, 789, дури се укажува и на албанско училиште во оваа област „shollës shkipe të Shpatit (Elbasan)“, сп. стр. 294 од истиот труд.

практично се наоѓала на познатиот пат Via Egnatia и откако ја покориле[57], стасале до соседната на неа Карли-или, во близина на денешниот град Елбасан[58]. Оттаму, при нивниот поход, се отклониле јужно, упатувајќи се кон Саврското Поле, каде на 18. IX. 1385 година се одиграла познатата битка меѓу нив и Балша II.

## Заклучок

Според резултатите до кои дојдовме сметаме дека споменатите (И)Шпат и Карли-или во османлиските хроники кои известуваат за османлискиот поход од 1385 година се наоѓале во Албанија. Притоа, нашите анализи укажуваат дека областа/покраината (И)Шпат и денешната област Шпат-јужно од Елбасан се идентични, додека пак, Битлисиевата Карли-или е областа Средна Албанија, територија со која, во времето на посочениот османлиски поход управувал локалниот благородник Карло Топија.

(Рецензент: *йроф. д-р Косѿа Аџиевски*)

[57] Имено, Битлиси вели дека по освојувањето на Битола Османлиите „тргнале оттаму да ги освојат покраините Шпат и Карли Или. Жителите на оваа покраина (мислејќи несомнено на Шпат б. н.) брзо се покориле и се предале и сите прифатиле да даваат џизие и арач. И оваа покраина (Шпат несомнено б. н.) ја исчистил од притисокот на противникот", сп. S. Trako, Pretkosovski događaji, 189; Burime osmane, 128.

[58] Градот Елбасан го втемелил султанот Мехмед II во 1466 година (Сп: С. Новаковић, Хаџи Калфа, 49-50; M. Šufflgy, Srbi i Arbanasi, 98). Пределот околу денешниот град Елбасан во осумдесеттите години на XIV век се наоѓал во рацете на Карло Топија односно бил во составот на неговата Карлиева земја-Карли-или. Непобитен доказ за тоа е манастирот Св. Јован Владимир, денес Шин-Гјон, крај Елбасан. Имено, истиот од темел бил обновен од Карло Топија во периодот 1381-1383 година. Над вратата на манастирската црква се гледа грбот на Топија-крунисан лав како клечи на задните нозе. Под грбот следи трујазичен натпис, кој на грчки, латински и српски јазик го овековечил својот ктиторски чин високодостојникот Карло Топија. Изворни податоци во Acta Albaniae I, 89 бр. 375 каде документот е датиран како 1381, 6890 (post 1. Septembris). Од литературата сп.: M. Šuffley, Srbi i Arbanasi, 98, 126; Historia e Shqipërisë, 225-227.

## ЛИТЕРАТУРА

### I. ИЗВОРИ

Acta et diplomata res Albaniae mediae aetatis illustrantia. Collegerunt et digesserunt L. de Thallóczy, C. Jireček, E. de Sufflay: Volumen I (annos 344-1343 tabulamque geographicam continens) Vindobonae MCMXIII (1913); Volumen II (annos 1344-1406 continens), Vindobonae MCMXVIII (1918).

Actes de Saint–Pantéléèmôn. Ed. P. Lemerle, G. Dragon, S. Circovic, Paris 1982.

Елезовић Г., Турски извори за историју југословена, Београд 1932.

Елезовић Г., Огледало света или Историја Мехмеда Нешрије, Зборник за источњачку, историску и књижевну грађу, Одељење друштвених наука, Серија прва, књига 3, САН Београд 1957.

Inalcik H., Hicrî 835 Tahihi Sûret-i Defter-i Sancak Arvanid, Ankara 1953.

Константин Михајловић из Островице. Јаничарове успомене или Турска хроника (приредио и превео Ђорђе Живановић), Београд 1986.

Константин Филозоф. Повест о словима (сказаније о писменех)-Изводи. Житије деспота Стефана Лазаревића, Београд 1989.

Lufta shqiptaro-turke në shekullin XV. Burime bizantine. Përgatitur për shtyp nga Koço Bozhori, Tiranë 1967.

Lufta shqiptaro-turke në shekullin XV. Burime osmane. Përgatitur për shtyp nga Selami Pulaha, Tiranë 1968.

Матковски А., Аручи К., Македонија и соседните области во хрониката на Солак Заде (1373-1633), ГИНИ XIX/3, Скопје 1975.

Матковски А., Аручи К., Извадоци од две турски хроники за Македонија и соседните области, ГИНИ XXI/1, Скопје 1977.

Матковски А., Аручи К., Македонија во турската хроника „Тaџут Теварих“ од Хоџа Садудин-Ефенди (1361-1520), ГИНИ XXII/2-3, Скопје 1979.

Матковски А., К.Аручи, Македонија и соседните области во хрониката „Beda-i ul vekai“ од Коџа Хусеин (1328-1491), Историја XV/2, Скопје 1979.

Матковски А., К.Аручи, Македонија во хрониката Сахаиф ул-ахбар од Мунеџимбаши (1363-1499), Историја XVII/2, Скопје 1981.

Мехмед Нешри, Огледало на света-История на османския двор, Съставителство и превод от Мария Калицин, София 1984.

Monumenta Serbica Spectantia Historiam Serbiae, Bosnae, Ragusii. Edidit Fr. Miklosich, Viennae 1858.

Новаковић С., Хаџи Калфа или Ћатиб-Челебија. Турски географ XVII века. О Балканском полуострву, СКА Споменик XVIII, Београд 1892.

Новаковић С., Законски споменици српских држава средњега века, Београд 1912.

Старе Српске биографије XV и XVII века. Џамблак, Константин, Пајсије. Превео Л. Мирковић, са предговором П.Поповића, Београд 1936.

Trako S., Bitlisijev opis Balkanskog poluostrva, Prilozi za orijentalnu filologiju (POF) XII-XIII, 1962-63, Sarajevo 1965.

Trako S., Pretkosovski događaji u Hešt bihištu Idrisa Bitlisija, POF XX-XXI (1970-1971), Sarajevo 1974.

Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширен пописен дефтер на Охридскиот санџак од 1583 година. Под редакција и коментар на д-р Александар Стојановски, том VIII: Книга 1, Скопје 2000; Книга 2, Скопје 2000.

## II. ЛИТЕРАТУРА

Аџиевски, К., Пелагонија во средниот век (од доаѓањето на словените до паѓањето под турска власт), Скопје 1994.

Babinger F., Beiträge zur Geschichte von Karli-eli, vornehmlich aus osmanischen Quellen, Εἰς μνήμην Σπυρίδονος Λάμπρου, Εν Αθήναις 1935,

Божић И., Албанија и Арбанаси у XIII, XIV и XV веку. Глас CCCXXXVIII. Одељење историјских наука, Књ. 3, Београд 1983.

Vacalopoulos A. E., History of Macedonia, 1354-1833, Θεσσαλονικη 1973.

Грозданов Ц., Маричката битка, вазалитетот на Марко (Марко Крале) и живописот на Марковиот манастир. Предавања на XXIV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид 20-21, VIII 1991г., Скопје 1992.

Иванов Й., Сѣверна Македония. Исторически издирванньа, София 1906.

Иналџик Х., Османско царство. Класично доба 1300-1600, Београд 1974.

Иналджък Х., Епохата на султан Мехмед II Завоевателя (изследвания и материали), София 2000.

Историја српског народа. Друга књига. Доба борби за очување и обнову државе (1371-1537), Београд 1982.

Историја Црне Горе. Књига друга-од краја XII до краја XV вијека. Том други-Црна Гора у доба обласних господара, Титоград 1970.

Иречекъ К., История на Българитѣ, София sine ano.

Јиречек К., Историја Срба, Прва књига до 1537 године (политичка историја), Београд 1952.

Матанов Х., Феодални княжества в югозападните Български земи, отразени в османската административно-териториална система, Исторически преглед, година четиридесета, 5, София, 1984.

Матанов Х., Югозападните Български земи през XIV век, София 1986.

Матанов Х., Михнева Р., От Галиполи до Лепанто. Балканите, Европа и османското нашествие 1354-1571, София 1988.

Острогорски Г., Серска област после Душанове смрти, Београд 1965.

Острогорски Г., Турско освајање Сера. Сабрана дела Георгија Острогорског. Књига четврта. Византија и Словени, Београд 1970.

Панов Б., Охрид и кралството на Волкашин и Марко. Кралот Марко во Историјата и во традицијата. Прилози од научниот собир одржан по повод 600 годишнината од смртта на Кралот Марко. Прилеп 1995, 23-25 јуни, Прилеп 1997.

Селищев А. М., Славянское население в Албании, София 1931.

Снегаров И., История на Охридската архиепископия – патриаршия. Том 2. Од падането ѝ под турците до нейното унищожение (1394-1767). Второ фототипно издание София 1995.

Спремић М., Харач Скендербега, Зборник Филозофског факултета, Књига X – 1. Споменица Васе Чубриловића, Београд 1968.

Стојановски А., Кон прашањето за политичко-територијалната поделба на јужниот Балканот пред турското освојување, Историја VII/2, Скопје 1971.

Стојановски А., Градовите во Македонија од крајот на XIV до XVII век-демографски проучувања, Скопје 1981.

Суботић Г., Манастир Богородице Месонисиотисе, ЗРВИ XXVI (1987), Београд 1987.

Todorov N. – Velkov A., Situation démographique de la Péninsule balkanique (fin du XVe s.-début du XVIe s.) Sofia 1988.

Ћирковић, С., Историја средњовековне Босанске државе, Београд 1964.

Ферјанчић Б., Тесалија у XIII и XIV веку, Београд 1974.

Ферјанчић Б., Византијски и Српски Сер у XIV стољећу, Београд 1994.

Histoire de l`Albanie. Des origines à nos jours, Lyon 1974.

Historia e Shqipërisë: Vëllim i parë, Tiranë 1959; Vellim i dyië, Tiranë 1965.

Храбак Б., Ширење арбанашких сточара по равницама и словенски ратари средњовјековне Албаније. Становништво словенског поријекла у Албанињи (Зборник радова са међународног научнног скупа одржаног у Цетињу 21, 22 и 23 јуна 1990), Титоград 1991.

Đinđic, S., Teodosijević, M., Tanasković, D., Türkçe-Sirpça sözlük, Ankara 1997.

Šuffley M., Srbi i Arbanasi (njihova simbioza u srednjem vijeku), sa predgovorom St. Stanojevića, Beograd 1925.

Штип низ вековите, Книга прва, Штип 1986.

Boban PETROVSKI

## SHPAT AND CARLI-ILI. IDENTIFICATION AND LOCATING

### Abstract

*For identifying and locating Shpat and Carli-ili, it is still a theme of polemics in the scientific public. The thing which is indisputable is that it is about regions. While the locating of the first one is more controversial, there are different opinions about identifying and locating the second one. These indefinites result from the uncertainties of the Ottoman chronics as authentic materials in general, but their use in this case is inevitable because the same ones are the only relevant written material for solving these treated questions.*

*According to the knowledge that I have come to, both regions mentioned in the Ottoman chronics which concern the Ottoman penetration in the Central Macedonia and Albania in the year 1385, are to be found in Albania. In this term, Shpat is identical to a region having the same name in Albania, south of today's town Elbasan, where its location has been in the past, but, it still is today. In the case of Carli-ili, according to my analysis, it comes about the land of Charles, in another words, the territory which has been governed by the Albanian nobleman Charles Topia, namely the Middle Albania.*

***Key words:*** *SHPAT, CARLI-ILI, CHARLES TOPIA, ALBANIA, IDENTIFICATION, LOCATING.*